МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА
МЦМС>>

МЦМС е-Билтен

Септември 2014

БРОЈ 157

Граѓанските организации за околината за развој на граѓанскиот сектор

Втора година по ред МЦМС ќе ја истражува овозможувачката околина за развој на граѓанскиот сектор. Прибирањето податоци за таа намена започна. Одговорите на сите граѓански организации се добредојдени. Нив можете да ги дадете најдоцна до 10 октомври 2014 година (петок) со пополнување на прашалникот кој ќе го најдете на следниот линк: **http://bit.ly/1vtNuqJ**

Податоците ќе бидат основа за подготовка на извештај со кој ќе ги информираме релевантните чинители и ќе направиме притисок за развој на соодветната легислатива и нејзино доследно спроведување.

Првиот циклус на следење на овозможувачката околина резултираше со Извештајот од следењето на овозможувачката околина за развој на граѓанскиот сектор што го подготви и издаде МЦМС на крајот од 2013 година. Ова е прв извештај од ваков вид во Македонија.

Прашалникот е подготвен во рамки на проектот „Acquis на балканското граѓанско општество: Јакнење на потенцијалот и капацитетите на граѓанските организации за застапување и лобирање". Проектот е спроведуван од БЦСДН и членките на БЦСДН, во партнерство со Европскиот центар за непрофитно право (ЕЦНЛ) и Европската мрежа на национални граѓански организации (ЕННА), а финансиски поддржан од Европската Унија.

Форум: „Политики за антикорупција"

На 14 октомври 2014 година во хотелот Холидеј ин во Скопје ќе се одржи форумот „Политики за антикорупција" на кој ќе биде презентиран Извештајот за проценка на корупцијата во Македонија.

Извештајот дава основен преглед на состојбите и динамиката со корупцијата и мерките за справување со неа во периодот 2002 – 2013 година, а го подготви тим на истражувачи на МЦМС и на Центарот за изучување на демократијата од Бугарија.

Истражувањето е дел од програмата на УСАИД за анти-корупција што ја спроведува МЦМС.

Македонска Каменица и Делчево ги добија новите возила за комунален отпад

На 25 септември 2014 година, на плоштадот во Македонска Каменица, амбасадорот на Швајцарија во Македонија, неговата екселенција Стефано Лазарото им ги предаде на градоначалниците на Македонска Каменица, Дарко Митевски и на Делчево, Дарко Шехтански клучевите од двете нови возила за собирање на комунален смет.

Двајцата градоначалници изразија задоволство од успешно завршениот проект. „Ова за нас како општина беше ново и многу позитивно искуство", рече во своето обраќање градоначалникот на Македонска Каменица. „Приоритетите на граѓаните се и приоритети на општината. Затоа, по ова искуство, ние решивме форумите во заедницата да ги ставиме во нашиот статут како една од формите на граѓанско учество", додаде тој. За градоначалникот на Делчево ова се резултати со кои можат да се гордеат и општините и граѓаните. „Набавката на новите возила ќе придонесе да се подобри квалитетот на живот на граѓаните", истакна тој.

Амбасадорот Лазарото се заблагодари за топлиот прием и за посветеноста и на граѓаните и на општините во спроведувањето на овој проект. „Консултирањето на граѓаните во носењето одлуки е дел од демократскиот процес. Особено ми е драго што овој проект е насочен кон зачувување на животната средина", додаде тој.



Двете нови возила ќе го подобрат квалитетот на живот на граѓаните на двете општини

Набавката на возилата е дел од програмата Форуми во задницата што двете општини, со поддршка на МЦМС, ја спроведуваа во периодот од февруари 2013 до септември 2014 година. Вкупниот буџет на проектот изнесуваше околу 7,9 милиони денари, а средствата се обезбедени од Швајцарската агенција за развој, буџетите на двете општини и јавните комунални претпријатија од двете општини.

Нов кров за училиштето „Саид Најдени" во Дебар

„Долго чекавме да се реализира овој капитален проект за нашето училиште", рече Пелумб Франгу директор на основното училиште „Саид Најдени" на свеченото завршување на реконструкцијата кровот на училиштето. „Понекогаш бевме скептични и губевме надеж но, благодарение на одличната соработка со ХДЗ МЕСЕЧИНА-Дебар и поддршката од МЦМС и ИНСОК и Фондациите Отворено општество од Будимпешта, успеавме да го реализираме проектот чиј буџет е 1,8 милиони денари.



Родителите и учениците не го кријеја задоволството од реновирањето на кровот на училиштето

Свеченоста по повод завршувањето на реконструкцијата на кровот на училиштето се одржа на 16 септември 2014 година во просториите на ОУ „Саид Најдени". „Претходната состојба на кровот на училиштето беше многу лоша. Во сезона на дождови стававме кофи и други садови за да се собира водата што течеше од кровот. Вода капеше и во ходниците и во училниците каде што се одвиваше наставата", ни рече директорот.

Со проектот е заменета кровната конструкција, покриена е со пластифициран лим и ставени се нови олуци. Реконструкцијата се одвиваше за време на летниот распуст и не предизвика проблеми во наставата.

Задоволството од реконструкцијата не го кријат ниту наставниците ниту родителите. Фајредин Џафероски, родител на третоодделенка ни рече дека децата имале проблеми заради лошата состојба на кровот, а и тие како родители биле загрижени. „За време на дожд тие мораа да се преместуваат од еден во друг крај на училницата за да не бидат наводенети од дождот. Сега сме презадоволни од тоа што е направено. Благодарен сум им на сите што беа вклучени во реконструкцијата со која се реши еден голем проблем и за децата и за родителите", вели Џафероски.

Во претходната учебна година, настава посетуваа 510 ученици од кои 112 беа Роми. Реконструкцијата на кровот како проблем беше идентификуван од ромската заедница и треба да придонесе во воспоставувањето дијалог помеѓу општинската администрација и ромската заедница во Куманово. Проектот е дел од програмата Пристап на Ромите до фондови (ПРФ) што ја спроведува МЦМС во партнерство со ИнСоК, а ја финансираат Фондациите Отворено општество од Будимпешта.